# Трет комитет за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027 закажан на 16.05.2024 Скопје

***Статус од последниот втор одржан секторски комитет за следење на 21.12.2023 година***

Согласно три-годишната ревизорска стратегија (РС) 2024-2026, доставена минатата година (на 29.11.2023), Ревизорското тело (РТ) ги заврши сите ревизорски активности за финансиската година (ФГ) 2023: системска ревизии, ревизии на операции, финансиска ревизија и ревизија на годишната декларација за управување (ГДУ) за ИПАРД II Програмата 2014-2020 и издаде на 15 март 2024 година Годишен извештај за ревизорска активност (ГИРА) и Годишно ревизорско мислење (ГРМ) за 2023 година.

РТ даде неквалификувано мислење за вистинитоста на годишните финансиски извештаи/годишни сметки и квалификувано мислење за законитост и регуларност на трошоците и функционирање на системот за управување и контрола во поглед на: слабости на надзор во процесот авторизација на обврски и плаќања, погрешно пресметани прифатливи средства за ко-финансирање, исплати направени за инвестиции кои не се целосно пуштени во употреба и чии цели не се остварени и непостоење на долгорочна политика за задржување и мотивирање на персоналот.

РТ исто така спроведе ревизија на ГДУ за ИПАРД III – 2021-2027 и издаде само ГРМ со воздржување од давање на мислење во врска со комплетноста, точноста и вистинитоста на годишните финансиски извештаи или изјави и основните годишни сметки за финансиската 2023 година, законитоста и регуларноста на трошоците и функционирањето на системите за управување и контрола. Ова е од причина бидејќи немаше доставено финансиски извештаи за 2023 година и не беа декларирани трошоци до ЕК за ФГ 2023 година за ИПАРД III.
Активности кои се во тек согласно гореспоменатата РС 2024-2026 се следните:

- За ИПАРД II програмата 2014-2020 – ревизија на операции за прв и втор квартал за ФГ 2024;
- За ИПАРД III програмата 2021-2027 - три системски ревизии за системот за управување и контрола по субјекти, кои се планираат во периодот од месец јуни до месец декември 2024 година и следење на ревизорските препораки од системските ревизии за ИПАРД II програмата.

ГИРА за ИПАРД III програмата, РТ ќе издаде не подоцна од 15/03/2025.

РТ најдоцна до 30/11/2024 година, ќе изработи ажурирана тригодишна АС за период 2025-2027 во која ќе биде опишана ревизорската активност на РТ за ФГ 2025.

Врз основа на првичните заклучоци од спроведените системски ревизии, може да се каже дека најголем дел од препораките и слабостите од претходните години не се надминати. Повеќето од овие наоди се поврзани со задржување, мотивирање на вработените да останат во ИПА опкружувањето, но и работните простории и ИТ прашањата се исто така главен предизвик за Владата на Република Северна Македонија да преземе итни активности за решавање на овие слабости.

Од ревизијата на операции за ФГ 2023 година, процесот на расчистување на сметките е во тек. Вообичаени наоди кои произлегоа од ревизиите на операции се следните: погрешна пресметка на вкупно прифатливиот износ на инвестицијата, погрешна пресметка на општите трошоци за изработка на технички предлог проект и деловен план, немање функционален проект поради временските услови и други оправдани услови, неспоредливи понуди, не прифатени општи трошоци, извршени плаќања за инвестиции кои не се целосно пуштени во употреба и за кои целите не се исполнети.

Изработил: м-р Љубица Локвенец, Помошник на Главниот ревизор за ИПА
Сектор за ревизија на програми за рурален развој

Скопје, 18 април 2024